CORE - СЕТ АЛАТКИ

# ПРИРАЧНИК ЗА СОВЕТНИЦИ

**ПРОЦЕНКА НА КОМПЕТЕНЦИИ ЗА РЕИНТЕГРАЦИЈА**




ProfilPASS CORE

Erasmus+

# CORE – Сет алатки

## ПРИРАЧНИК ЗА СОВЕТНИЦИ

*проценка на КОмпетенции за РЕинтеграција*

*Водич за користење и работа со CORE- Сетот алатки и*

*ProfilPASS – започни ја својата кариера!*

Прирачникот за Советници е развиен како дел од CORE- Сетот алатки во рамките на ЕУ проектот CORE „Проценка на КОмпетенции за РЕинтеграција", кој започна во октомври 2019 година. Овој проект финансиран од Еразмус+ е поврзан со развојот на ProfilPASS како инструмент за проценка на компетенции. Тој е наменет за советници кои работат со млади возрасни лица кои не се ниту во работен однос ниту пак се во образование или обука (NEET; Кратенка од англискиот Not in Employment, Education or Training) и ги извлекуваат во прв план нивните потенцијали и интереси за развој на компетенции и им помагаат (повторно) да влезат во образование и/или да се вработат.

Проектот го спроведува „Германскиот Институт за образование за возрасни- Лајбниц Центар за доживотно учење" како координатор, во соработка со партнерски организации од Босна и Херцеговина, Северна Македонија, Србија и Словенија. Продуктите развиени како дел од проектот и понатамошни информации се достапни на веб-страната на CORE: https://core.profilpass-international.eu/

Поддршката на Европската комисија за изработката на оваа публикација не значи и поддржување на содржината и истата ги рефлектира само ставовите на авторите, така што Комисијата не сноси одговорност за користењето на информациите што таа ги содржи.

Овој проект е финансиран од Европската комисија преку Еразмус+ програмата (KA204- Стратегиски партнерства за образование за возрасни).

Код на проектот: 2019-1-DE02-KA204-006193

CORE- Прирачникот од CORE- Проектот е лиценциран под CC BY-SA 4.0

Изработено во октомври 2020

Графичка обработка и илустрации:
Борис Ристовски

Публикацијата е координирана од:
Андрагошки Завод Људска Универза Велење

# Содржина

» 1. Вовед . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . .5

» 2. Позадина и цел на CORE- Сетот алатки . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . .6

» 3. Како да се употребува CORE- Сетот алатки . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . .7

» 3.1. Како да се движиме низ CORE- Сетот алатки 8

» 3.2 'Листи со факти' – сите алатки на прв поглед 10

» 4. Како се употребува ***ProfilPASS – започни ја својата кариера!*** . . . . . . . . . . . . ***12***

» 4.1 Како да се снајдете во ProfilPASS 12

» 4.2 Како се работи со ***ProfilPASS – започни ја својата кариера!*** 14

» 4.3 Специјални елементи на ***ProfilPASS – започни ја својата кариера!*** ***15***

» Библиографија/Референци . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . .17

# 1. Вовед

***Проектот CORE - Преглед***

Проценка на КОмпетенциите за РЕинтеграција - CORE Проектот се фокусира на млади возрасни лица кои не се во работен однос и не се вклучени во образование и обука (NEET) за да добијат пристап на пазарот на трудот. За да го постигне ова, CORE Проектот ги адресира советниците кои работат со NEET преку развој и составување на следните корисни материјали за водство на ранливи и непривилегирани групи на млади возрасни (назад) во образованието и/или вработувањето.

- » CORE- Сетот алатки е колекција на инструменти за проценка на компетенции и кариерно водство, дополнителни материјали (за учење) за NEET или советници и информации за програми за поддршка во Западен Балкан.
- » *ProfilPASS – започни ја својата кариера!*, како главна компонента за проценка на компетенции и главна алатка за проценка на компетенции, беше развиена да ги задоволи специфичните потреби на младите NEET возрасни.
- » CORE- Курикулум, обезбедува дизајн на комплетна обука за нови советници кои работат со NEET и сакаат да користат CORE материјали.

✓ Овој **Прирачник за советници** е наменет за советници, кои работат со целната група, и обезбедува понатамошни информации и водство за тоа како се употребува CORE- Сетот алатки и *ProfilPASS – започни ја својата кариера!*

Иако стапката на неврботеност на младите во Европа се намалува во последната декада, сѐуште е многу висока во некои делови, особено во Балканскиот регион. Многу млади возрасни на возраст помеѓу 16 до 30 години кои Не се вработени Ниту се вклучени во образование и обука (NEET) и се со висок ризик за долгорочни ефекти на нивната NEET-фаза, како низок приход или повторна невработеност во иднина (за повеќе информации видете: CORE Сеопфатен Извештај).

Една од главните прични за невработеност на оваа група е дека тие се изолирани или спречени да посетуваат и завршат формално образование. Затоа, многу често не можат да обезбедат доказ за нивните компетенции во форма на формални квалификации. За оваа група е особено важно нивните неформално и информално стекнати компетенции да бидат проценети и препознаени. Ова ќе им помогне да најдат работа која најмногу одговара на нивниот профил на компетенции, ќе ја зголеми нивната самодоверба и ќе зајакне за да можат (повторно) да се вклучат во социјалниот и економскиот живот. Затоа, главна цел на CORE е да им помогне на ранливите и непривилегираните млади возрасни да го најдот патот (назад) во образованието и/или вработувањето.

Важно е да се забележи дека NEET можат да имаат различни причини зошто не го завршиле училиштето или се невработени. Ова може да вклучува економски причини, социјални проблеми, зависности, традиција на невработеност во нивното семејство, дополнителни потешкотии заради потешкотии во учењето, мигранти или семејни обврски (на пример, млади родители). Оваа огромна различност во индивидуалните ситуации и потреби на целните групи е адресирана во

CORE- Сетот алатки. Тој нуди различни алатки за проценка на компетенции и советување кои се прилагодени на младите NEET возрасни со *ProfilPASS – започни ја својата кариера!* како негов најважен дел.

## 2. Позадина и цел на CORE- Сетот алатки

На почетоткот на CORE проектот и пред креирањето на Сетот алатки, секој проектен партнер спроведе истражување за целната група за да ги идентификува потребите, проблематичните области и да најде примери на добра пракса во нивните земји (Германија, Северна Македонија, Србија, Босна и Херцеговина и Словенија). Врз основа на тоа, беше подготвен Се'опфатен извештај кој ги сумира резултатите од земјите и обезбедува подлабоко разбирање за та што им треба на NEET при проценката на нивните компетенции. Тој дава статистика за NEET, резиме на примери на добри практики и препораки за понатамошен развој на ProfilPASS. Овој извештај послужи како почетна точка за развивање на CORE- Сетот алатки и прилагодувањето на ProfilPASS на потребите на младите NEET возрасни.




**CORE Се'опфатен извештај за млади возрасни кои не се вработени ниту се вклучени во образование и обука**

Неодамна, сите пет партнерски земји спроведоа национално истражување со цел да ги идентификуваат потребите на идните корисници на проектните резултати.

Се'опфатниот извештај претставува компилација на наодите од партнерите и вклучува примери на добри практики како и корисни препораки за развој CORE-Сетот алатки.

Истражувањето покажа дека NEET се сметаат за „ризични" затоа што се невработени и/или службено неактивни и немаат пристап до можности за учење. Исто така, ризикуваат да бидат вклучени во пазарот на труд и често пати, од општеството генерално. (European Training Foundation, 2014). Невработеноста во раните фази на животот може да има долгорочни негативни ефекти на подоцнежната вработливост и шансите за вработување (Arulampalam, 2001). Иако младите NEET возрасни имаат слична потреба за водство и советување за да се вратат (назад) во образованието и/или обуката, тие покажуваат огромна количина на хетерогеност во нивните индивидуални ситуации, потреби и фактори за ризик од долгорочна невработеност.

Со цел да се адресира оваа огромна потреба за поддршка од една страна и хетерогеноста на потребите од друга страна, CORE- Сетот алатки се фокусира не само на тоа како компетенциите на младите NEET возрасни да се направат видливи (особено информално и неформално стекнатите), но исто така да се поддржи процесот на советување на оваа целна група на најдобар можен начин. Затоа, освен идентификувањето на алатки за проценка на компетенции, особе-

но внимание беше посветено на областите: професионална ориентација, кариерно водство и зајакнување и унапредување, со цел да се поклопат со специфичните потреби на NEET. На сметка на разновидноста на потребите, материјали беа собрани кои таргетираат различни суб-групи на млади возрасни, како:

» Лица со мигрантска позадина,
» Ниски нивоа на образование (или осипани),
» Потешкотии во учењето,
» Семејни обврски (на пример, млади мајки), за да се задоволи разновидноста на потребите.

Дополнително, сеопфатниот извештај покажа дека, на NEET од Западен Балкан, често им недостига знаење за можностите/програмите кои се достапни за нив. Со цел да се опфати ова, сетот алатки поставува специјален фокус на советниците од Западен Балкан преку обезбедување релевантни информации за NEET во тие земји.

Во текот на процесот на истражување за CORE- Сетот алатки, беа употребени сет од ориентациони прашања со цел да се идентификуваат соодветни алатки, како:

» Какви национални мерки, иницијативи или програми насочени кон асистирање и поддршка на младите NEET возрасни веќе постојат?
» Какви соодветни мерки за проценка и валидација на компетенциите/стручната ориентација и кариерното водство/зајакнување и унапредување постојат и дали се тие достапни онлајн?
» Кои примери на добри практики се достапни?
» Како да се направат компетенциите на NEET видливи?
» Што треба да биде вклучено дополнително во адапираниот ProfilPASS?
» Како да се креира Сет алатки кој ќе помогне и ќе ја олесни работата на двете страни – советуваното лице и советникот?

CORE- Сетот алатки е составен од вкупно 27 алатки од различни земји кои се соодветни за советување на NEET и ги задоволи критерумите: (1) практична важност (алатките се содветни за NEET) и (2) пристапност (алатките се достапни бесплатно он-лајн).

Дополнително, 12 активности за поддршка кои се однесуваат на советниците и NEET во Балканскиот регион беа додадени во Сетот алатки да се задоволи недостатокот на информации во тие земји. Севкупно, Сетот алатки покрива различни методолошки пристапи и области на содржини. Лесно е пристапен и за советниците и за советуваните, на пример, за само-проценка.

# 3. Како да се употребува CORE- Сетот алатки

Како што беше напоменато во претходното поглавје, CORE- Сетот алатки содржи преку 27 алатки кои им овозможуваат на советниците слободно да изберат која алатка ќе ја користат во текот на процесот на советување со младите NEET возрасни. Изборот на соодветна алатка зависи од потребите на советуваното лице. Следниве објаснувања ќе им дадат на советниците некоја идеја за основната структура на сетот алатки и каде да ја најдат која алатка.

CORE- Сетот алатки е поделен во две главни поглавја:

» I. Алатки кои го поддржуваат процесот на советување
» II. Дополнителна поддршка на советниците и NEET

## 3.1. Како да се движиме низ CORE- Сетот алатки

### Алатки кои го поддржуваат процесот на советување

CORE- Сетот алатки содржи многу различни нивоа кои можат да го поддржат процесот на советување. Со цел да се обезбеди преглед и да им се помогне на советниците да изберат соодветни алатки, почетните страници на сетот алатки (страна 5-9) ги сортираат овие алатки во различни категории пред детално да бидат опишани. Со цел да се задоволат потребите на целната група, беа избрани следниве категории:

» Да започнеме: чекори пред советувањето **(A)**,
» Структурирање на проценката на компетенциите **(B)**,
» Поддршка на професионалната ориентација и кариерните избори **(C)**,
» Поддршка на зајакнувањето и унапредувањето на NEET **(D)**.

| Категорија A | Категорија B | Категорија C | Категорија D |
|---|---|---|---|
| обезбедува индивидуална работа на советуваното лице во подготовка на процесот на советување. Затоа, тие можат да користат алатки за проценка на компетенции и работна ориентација за само-проценка. | покрива алатки за проценка на компетенции кои можат да ја поддржат работата на советникот на различни начини. Овие алатки се сортирани во специјализирана проценка на компетенции (професионална во однос на меки вештини) и сеопфатна проценка на компетенции како ProfilPASS – започни ја својата кариера. | овозможува поддршка за професионална ориентација и кариерни избори преку презентирање на алатки кои им овозможуваат на NEET да се изјаснат за кариерните можности. | обединува ресурси (платформи за учење, сетови алатки, прирачници, упатства итн) кои ги задоволуваат потребите на оваа целна група и им даваат можност на советниците да вклучат соодветни материјали за обука во нивниот процес на советување. |

Таб. 1: Под-категории на Алатките за поддршка во процесот на советување

**A** Во текот на процесот на советување, советниците можат да користат алатки за само-проценка со советуваното лице, каде што тие можат самостојно однапред да ја комплетираат целосна проценка на компетенции. Ова може да биде користено како средство кое го надополнува процесот на советување, на пример, ако се направи како претходна задача на советуваниот (Категорија А) или да се даде како домашна задача. Советниците исто така, можеби ќе сакаат да употребат една од овие алатки како посебна единица во процесот на советување со цел да добијат генерални информации или да проценат дополнителни области на компетенции (на пример, меки вештини). Резултатите на оваа претходна проценка и/или искуство кое го пријавува советуваниот во однос на работата со алатката можат да послужат како индикатори за советникот да одреди понатамошни чекори на советување за индивидуалните потреби и идната стартна позиција на советуваниот.

**B** Откако ќе бидат идентификувани потребите на советуваното лице, советниците можат да изберат и комбинираат алатки кои одговараат на индивидуалните потреби и ситуации на советуваниот (Категорија В Структурирање на проценката на компетенции). Советниците можат да изберат од различни алатки поделени во две главни групи: Специјализирана проценка на компетенции, која е поделена на Професионален фокус и Меки вештини, и Сеʻопфатна проценка на компетенции, која го вклучува *ProfilPASS – започни ја својата кариера!*.

**C** Со цел да ги поддржи младите NEET возрасни во истражување на нивните идни кариерни и/или образовни избори, алатките за професионална ориентација се наведени во категорија С (Поддршка на професионална ориентација и кариерни избори). Овие алатки обезбедуваат повеќе информации за процесот на барање работа, истражување во кариерата и му овозможуваат на советуваното лице да се изјасни за кариерните можности. Овие алатки можат да се користат на почетокот на советувањето за иницијална ориентација или по завршувањето на првата проценка на компетенции.

**D** Во категоријата D Поддршка на зајакнување и унапредување на NEET, CORE-Сетот алатки обезбедува алатки (платформи за учење, прирачници, упатства итн) кои служат за обука во областите во кои советуваните лица имаат потенцијал за понатамошна обука или унапредување. Овие алатки се фокусираат особено на областите на компетенции кои се најрелевантни за NEET возрасните, на пример, за поттикнување на нивната вработливост. Советниците можат да им пристапат на овие алатки или да го водат советуваното лице да го користи материјалот независно или да го употребува со советник/обучувач.

## Дополнителна поддршка за советници и NEET

Овој дел дава дополнително водство и поддршка за двете страни – советниците и NEET. За советниците има мал дел со достапни алатки, кои можат да го стимулираат понатамошниот развој на советниците и само-рефлексија. Затоа, овој дел поддржува професионализација и тоа не само за неискусните советници.

Како што беше утврдено во текот на истражувањето (Видете Сеʻопфатен Извештај за идентификување на потребите), младите NEET возрасни често не се свесни за програмите кои им се достапни во полето на наоѓање работа или стажирање, особено во Западен Балкан. За да се одговори на оваа неосвестеност, советниците имаат можност да ги информираат нив за овие

програми во текот или по завршувањето на процесот на советување. Затоа, CORE- Сетот алатки обезбедува избор од соодветни програми во Босна и Херцеговина, Србија и Северна Македонија. Тие алатки им обезбедуваат на NEET понатамошни можности за кариерно советување, проценка на компетенции со само-рефлексија, стекнување практично знаење, активно барање работа итн.

## 3.2 ‘Листи со факти’ – сите алатки на прв поглед

По прегледот, CORE- Сетот алатки обезбедува детална информација за секоја наведена алатка во форма на таканаречени ‘Листи со факти’. Секој лист дава преглед на најважните информации за алатката на една страна така што советниците можат лесно да пронајдат соодветни алатки за индивидуалните потреби на нивните советувани лица. За подобро разликување, користени се различни бои за различни видови алатки.

| Црвена | Петролеова | Сина | Виолетова |
|---|---|---|---|
| алатки за проценка на компетенции | стручна ориентација и кариерно водство | Алатки за зајакнување и унапредување на NEET | дополнителна поддршка на советници и NEET |

Структурата на секој ‘Лист со факти’ е иста:



**PROFILPASS – ЗАПОЧНИ ЈА СВОЈАТА КАРИЕРА!**

Германски Институт за образование на возрасни (координатор на проектот) Ова е производ на Еразмус+ проектно партнерство.

**ШТО Е ТОА?**
(Цел на алатката)

ProfilPASS – започни ја својата кариера! е јадрото на CORE-Сетот алатки. Тој поддржува системска проценка и документација на компетенциите со цел развивање на профил на компетенции и со тоа поддржува (понатамошен) личен и професионален развој, (ре-) ориентација и планирање на идните чекори на учење.

**ЗА КОГО Е НАМЕНЕТА?**
(Целна група и (пред)услови за употреба на алатката)

ProfilPASS – започни ја својата кариера! се фокусира на младите НЕЕТ возрасни кои имаат потреба од ориентација и советување. За да одговори на специјална ситуација и потребите на на оваа целна група, ProfilPASS како инструмент за проценка на компетенциите беше прилагоден во јазикот, содржината и форматот да одговара на ситуацијата и потребите на младите НЕЕТ возрасни.

**ГЛАВНИ СОСТАВНИ ДЕЛОВИ**

Со евалуација на различни области во **(1) Мојот живот** (досегашен живот, социјални мрежи, опис на типичен ден), **(2) Мои активности** (на пр. живот дома/семејство/грижа за други, хобија/интереси/слободно време, образование, работа/волонтирање/пракса, учество во проекти/работилници/курсеви/обуки, исклучителни околности) и **(3) Мои квалитети**, профил на компетенции се креира во поглавје **(4) Сите мои компетенции - збирно. (5) Мојата иднина** и **(6) Мои апликации и документи** се фокусираат на наредни чекори и како добро да се употреби профилот на компетенции.

За да одговори на потребите на ранливите млади возрасни (НЕЕТ), ProfilPASS- започни ја својата кариера! комбинира и понатаму усвојува делови од ProfilPASS и ProfilPASS за млади луѓе. Прилагодувањата вклучуваат:

- **Јазично поедноставување и дополнително објаснување** (на пр. преку речник) да обезбеди пристапност на НЕЕТ со ниско ниво на образование.
- **Прилагодување на форматот** – да биде алатката попривлечна и мотивирачка за оваа целна група.
- **‘Модератор’** (раскажувач) кој го насочува советуваниот, ги објаснува вежбите и дава корисни совети.
- **НЕЕТ- Сведоштва** дава примери, служат како позитивни модели и мотивација за работа со ProfilPASS
- **Нови поглавја** за поддршка на кариерни одлуки и процес на барање и аплицирање за вистинската работа (‘Претходни искуства во барање работа’, ‘Моја кариера’ и ‘Мои цели и наредни чекори’, ‘Мое ЦВ’, ‘Мое пропратно писмо’, ‘Професионална ознака во вмрежување и во интервју’)

ProfilPASS CORE

**ИСПРОБАЈ ЈА АЛАТКАТА**

https://core.profilpass-international.eu/index.php?article_id=142&clang=3

**ДОСТАПНИ ЈАЗИЦИ**

Германски, англиски, босански, македонски, српски, словенечки

**ПОВЕЌЕ ИНФОРМАЦИИ**

https://core.profilpass-international.eu/

Deutsches Institut für Erwachsenenbildung – Leibniz-Zentrum für Lebenslanges Lernen e.V.

German Institute for Adult Education - Leibniz Centre for Lifelong Learning (DIE)

Servicestelle ProfilPASS
Heinemannstraße 12-14 53175
Bonn, GERMANY

12

## Пример за тоа како различни алатки можат да бидат употребени и комбинирани

Замислете да сте поканети да откриете вештини и способности на млада жена која рано го напуштила училиштето без конкретна стручна квалификација заради непланирана бременост. По завршување на грижата за своето дете, таа сака да најде начин како да започне кариера. Ја активирате фазата пред-советување со употреба на алатката за само-проценка “**Мој кариерен избор**” со цел да добиете првичен впечаток за нејзиниот моментален статус во процесот на кариерен избор. За проценка на нејзините неформално и информално стекнати компетенции, може да започне работата со **ProfilPASS – започни ја својата кариера!**, За поддршка на овој процес и поттикнување на разбирањето на различните компетенции од советуваното лице, “**Картите за компетенции**” би можеле да се додадат во процесот. Во текот на советувањето, младата жена станува свесна за сите нејзини компетенции кои ги стекнала при грижењето за детето, но исто така сфаќа дека сака да научи повеќе. За да се поддржи нејзината одлука за одреден образовен пат, може да употребите материјали од “**BYMBE – Пакет за ориентација”** и да предложите таа да употреби понатамошни алатки како “**тест за професионален избор”** или “**краток кариерен тест**”. Откако таа избрала најсоодветна стручна едукација или обука, советуваната може да постави сопствени цели и да ги напише првите неколку чекори со помош на **ProfilPASS – започни ја својата кариера!** (поглавје „моја иднина“).

Професионална ориентација како опција пред советување

Проценка на компетенции како срцето на процесот на советување

Алатки за зајакнување кои го поддржуваат процесот

Алатки за професионално водство во поддршка на одлуката

ProfilPASS – започни ја својата кариера! За планирање на иднината


# I. АЛАТКИ КОИ ГО ПОДДРЖУВААТ ПРОЦЕСОТ НА СОВЕТУВАЊЕ

**А. Да започнеме: чекори за пред-советување (индивидуална работа со клиенти во подготовка на процесот на советување)**

Во подготовка на процесот на советување, клиентите би можеле да користат алатки за проценување компетенции и ориентација за вработување за нивна самоевалуација. CORE- Сетот алатки содржи инструменти кои им овозможуваат на клиентите независно да спроведат парцијална или комплетна проценка на кометенциите. Дополнително, тој содржи алатки кои го поддржуваат процесот на ориентација за вработување.

За младите НЕЕТ возрасни, само-рефлексијата може да биде важен чекор во пред-советувањето, не само за нивните компетенции туку исто така и за нивниот (иден) кариерен избор.

**» Алатки за самопроценување**

**ЗА ПРОЦЕНУВАЊЕ КОМПЕТЕНЦИИ**

- Карти за компетенции
- my-professional-experience.org
- Карти за компетенции за советување за образование и кариерно водство
- Сет од карти со слики за снимање компетенции – Апликација
- Нефикс апликација
- Мое искуство (работно искуство на ученикот)
- Youthpass

**ЗА ПРОФЕСИОНАЛНА ОРИЕНТАЦИЈА**

- Он-лајн алатка „мој избор на кариера“
- Тестови за стручен избор
- Краток квиз за кариера
- www.zanimanja.mk
- Кариерен квиз: „Која професија најмногу ти одговара?“

ProfilPASS CORE

Овој дел „Алатки кои го поддржуваат процесот на советување“ дава преглед на алатките во овој Сет алатки кои го спроведуваат и го придруваат процесот на советување.

Овој дел е поделен на четири категории:

A. Да започнеме: чекори за пред-советување
B. Структурирање на проценувањето на компетенции
C. Поддршка на стручна ориентација и кариерни избори
D. Поддршка на зајакнувањето унапредувањето на НЕЕТ

» Кликнете на секоја алатка за пристап до повеќе информации форма на „Лист со факти‘.

5

Можете да пронајдете многу предлози за користење на комбинации за различни алатки во процесот на советување на страните 5 до 9 од CORE- Сетот алатки.

# 4. Како се употребува *ProfilPASS – започни ја својата кариера!*

ProfilPASS е систем за проценка на компетенции со основна цел да ги поддржи корисниците во нивниот личен и професионален развој. *ProfilPASS – започни ја својата кариера!* Ги адресира младите NEET возрасни и ги поддржува нивните советници во работата со оваа целна група.

## 4.1 Како да се снајдете во ProfilPASS




*ProfilPASS – започни ја својата кариера!* е базиран на ProfilPASS – алатка за идентификација и документирање на вештините и компетенциите на поединецот. Оригинално, таа е креирана од Германскиот Институт за образование за возрасни и беше дополнително развиена во различни ЕУ проекти.

ProfilPASS- системот е базиран на фактот дека луѓето учат најмногу во информални средини како семејството, волонтерската работа и преку справување со предизвици во нивните животи. Тој претпоставува дека сите живи суштества имаат компетенции и сите тие компетенции се вредни без оглед на тоа каде биле стекнати.

*ProfilPASS – започни ја својата кариера!* е структуриран според идејата „запознај ги своите силни страни | употреби ги твоите силни страни", и затоа овие компетенции се откриени и преку работата со ProfilPASS исто така се рефлектира како да се употребат преку избор на вистинска кариера, Сликите служат како ориентационен знак во рамките на *ProfilPASS – започни ја својата кариера!* и ги мотивираат корисниците да работат чекор по чекор низ поглавјата.

**1** Првото поглавје "**Вовед**" служи како иницијален начин како советуваните лица да разберат што е ProfilPASS и како да го искористат за да ги откријат своите силни страни. Тоа исто така дава ориентација како ProfilPASS може да се користи заедно со советник, модераторот Саша и сведоштвата на Ана и Џон се воведени за да ги водат советуваните лица низ целиот процес.

**2** Второто поглавје "**Мојот живот**", каде советуваните лица се запрашани да погледнат нананазад во нивниот досегашен живот и да размислат за основните прашања кои ги дефинираат нив. Тие визуелизираат важни моменти и настани на нивната патека на животот, се изјаснуваат за важни во нивната социјална мрежа и опишуваат ден од нивниот живот.

**3** Во третото поглавје "**Мои активности**", советуваните лица учат за шемата од 4 чекори која се употребува за работа во секое поле на активности (видете табела 2 подолу) и тие иницијално ги структурираат нивните активности во генерален преглед. Поглавјето покрива различни полиња со активности и со тоа ги открива формално, неформално и информално

стекнатите компетенции. Следните полиња на активности се вклучени во *ProfilPASS – започни ја својата кариера!*:

- Животот дома, семејство и грижа за другите
- Хобија, интереси и активности во слободно време
- Образование
- Претходно искуство во барање работа
- Работно искуство, волонтирање и стажирање
- Учество во проекти, работилници, курсеви и активности на обука
- Вонредни околности
- Исто така сакам да нагласам

| | | |
|---|---|---|
| Чекор 1 | **Идентификувај ја активноста** | Советуваното лице ги именува сите важни активности и ги разгледува причините зошто тие го направиле тоа што го направиле. |
| Чекор 2 | **Опиши ја активноста** | Овде советуваното лице ги објаснува активностите во повеќе детали. |
| Чекор 3 | **Извлечи го знаењето и компетенциите** | Овде, идентификуваните активности ќе бидат ре-формулирани со цел да се извлечат вештините и знаењето на корисникот. |
| Чекор 4 | **Евалуирај ги твоите вештини** | Овде ќе бидат идентификувани најважните вештини преку систем на рангирање и ќе биде проценета нивната вредност. |

Таб 2: Шемата од 4 чекори во *ProfilPASS – започни ја својата кариера!*

**4** Четвртото поглавје "**Мои квалитети**" ги поканува советуваните лица да ги проценат сопствените квалитети со цел да дознаат какви се тие и што сакаат да прават. Преку споредба на само-проценката и проценката од блиските личности (семејство и пријатели) советуваните добиваат подлабоко разбирање за себе и ги идентификуваат нивните специјални квалитети. За двете проценки се рангира листа на квалитети. Ова помага да се рефлектира како се гледам себе и како ме гледаат другите. Особен фокус е ставен на поглавјето јазични вештини/мултијазични компетенции и културна свесност.

**5** Петтото поглавје "**Сите мои компетенции**" поддржува периодичен преглед на процесот на советување. Оваа секција им овозможува на советуваните лица да дознаат што најмногу сакаат да прават, што прават добро и каде сѐуште има простор за унапредување. Така, ќе бидат идентификувани профилот на компетенции и конкретните јаки страни.

**6** Шестото поглавје "**Мојата иднина**" ги поканува советуваните лица да ја истражат својата иднина, да размислат за своите интереси, да ги истражат своите желби и кариерни можности. Како помош во процесот на советување, советуваните лица исто така учат како да ги формулираат сопствените цели како и кои се наредните чекори  за остварување на тие цели.

**7** Последното поглавје "**Мои апликации и документи**" има за цел да им помогне на советуваните лица да ги подготват нивните документи за аплицирање и да ги направат видливи нивните идентификувани компетенции. Обезбедува важни информации и примери за тоа како да се напише ЦВ и придружно писмо како и доказ за квалификации и како да се подготват за интервју за работа. Дополнително, *ProfilPASS – започни ја својата кариера!* ги објаснува главните компетенции за доживотно учење.

## 4.2 Како се работи со *ProfilPASS – започни ја својата кариера!*

### Основни принципи во однос на работата со *ProfilPASS – започни ја својата кариера!*

Сите верзии на ProfilPASS се базирани на заедничкото разбирање на советувањето. Основниот концепт на ProfilPASS во однос на советувањето како комуникациски и интерактивен процес кој се фокусира на градење на капацитети во контекст на рефлексија и размена.

Следствено на ова основно разбирање, работата со *ProfilPASS – започни ја својата кариера!* се базира на три главни принципи:

» Советувањето со *ProfilPASS – започни ја својата кариера!* е ориентирано околу хуманистички концепт на човештвото во кој луѓето се сметаат за способни за целоживотен развој, промена и учење. Така советувањето станува повеќе став отколку техника и се дефинира со автентичност, благодарност и емпатично разбирање.

» Конструктивистичката теорија формира теоретска база во работата со ProfilPASS. Според тоа, нема објективна реалност, само субјективни реалности кои што се активно креирани од сите. Затоа, стекнувањето знаење и компетенции се смета како личен придонес кон секоја тема. Советувањето тогаш ги подвлекува основните принципи на дидактиката на овозможување.

» Финално, советувањето со ProfilPASS е биографска работа. Тоа значи дека индивидуалната биграфија на секој човек е почетна точка во процесот на рефлексија и корисниците го обликуваат овој процес како експерти за нивните сопствени биографии.

Понатаму, следниве дидактички принципи се најзначајни:

» Транспарентност на процесот

» Ориентираност кон учесникот

» Поддршка за само-регулација и само-организација

» Советување за сите делови од *ProfilPASS – започни ја својата кариера!*

» Ориентираност кон компетенции, рефлексија и интереси за учење.

### Процес на советување

Процесот на консултации со *ProfilPASS – започни ја својата кариера!* може да биде различен од случај до случај во зависност од целите кои се договорени помеѓу советникот и советуваното лице.

Процесот на советување, сепак, секогаш мора да ги вклучува следниве поенти (видете исто Таб. 3). На почетокот, советуваното лице треба да биде информирано за причините за работа со *ProfilPASS – започни ја својата кариера!*, и индивидуалните чекори кои ќе бидат комплетирани треба да бидат презентирани. Разјаснувањето на целите на корисниците и нивните очекувања од процесот на советување е уште еден централен дел. Советникот и советуваното лице треба заеднички да се договорат за нивните идни одговорности во однос на процесот на совету-

вање. Следствено, треба да биде одредена и соодветна временска рамка. Како финален дел од процесот на советување, резултатите и дополнителните таргети треба да бидат дискутирани.

| Работни чекори во процесот на советување | Цел |
|---|---|
| Подготовка | » Развој на сценарио за реализација<br>» Организирање на ситуација за советување |
| Фаза започнување | » Разјаснување на мандатот за советување (на пр, со договор)<br>» Употреба на структурата на *ProfilPASS – започни ја својата кариера!* |
| Фаза на проценка | » Проценка на компетенции со следење на биографијата и искуствата на корисникот<br>» Придружување и поддршка на само-истражување |
| Фаза на балансирање | » Проценка на силни страни<br>» Креирање на баланс на компетенции |
| Развојна фаза | » Формулирање на развојни цели<br>» Изработка на акциски план |
| Фаза евалуација | » Финално советување и предавање на сертификат за компетенции |
| Пост- процесирање | » Преглед на успешните/проблематичните ситуации на учење<br>» Последици на идни ситуации на учење |

Таб.3: Модел на процес на советување за *ProfilPASS – започни ја својата кариера!*

## 4.3 Специјални елементи на *ProfilPASS – започни ја својата кариера!*

Со цел да се овозможи соодветен пристап за целната група на млади NEET возрасни, *ProfilPASS – започни ја својата кариера!* вклучува некои специјални елементи кои ќе им овозможат на корисниците да го најдат својот пат во работата со ProfilPASS и можат да бидат употребени во текот на процесот на советување:

- Два **вообичаени примери на биографии** (NEET сведоштва) мотивираат и поддржуваат преку нивните едноставни одговори и размена на искуства. Тие можат да послужат за ориентација и позитивни модели, и со тоа го мотивираат корисникот да работи со ProfilPASS.






» Советуваните лица се придружувани и поддржани од **модератор** (раскажувач) во текот на нивната работа со *ProfilPASS – започни ја својата кариера!*. Тој им дава инструкции, ги објаснува вежбите и обезбедува корисни совети. Додека сведоштвата се инсталирани да помогнат за да се обезбедат реални искуства, модераторот поддржува преку објаснување и мотивација. Модераторот не го заменува советникот, но ја надополнува неговата работа или го застапува кога советуваното лице работи самостојно со *ProfilPASS – започни ја својата кариера!*.







» **Јазикот** во *ProfilPASS – започни ја својата кариера!* е прилагоден на целната група. Затоа јазични поедноставувања и дополнителни објаснувања (на пример, преку појмовник) се употребуваат за инструментот да се направи пристапен на лицата со пониско образовно ниво.

» Дополнителни **прилагодувања на дизајнот** ја прават алатката по атрактивна и мотивирачка за целната група на млади NEET возрасни. Тоа им овозможува лесно да се движат низ линковите и поглавјата обоени со различни бои како и во пополнувањето на интерактивниот . pdf на екранот.



Самолепливи картички поканувaaт на рефлексија и земање забелешки




» За подобро да одговара на животната ситуација, искуствата и потребите на овие млади возрасни се **прилагодени по содржина**. Затоа, нови поглавја се додадени да ги поддржат одлуките за кариера и процесот на барање и аплицирање за вистинската работа ('Претходно искуство во барање работа', 'Моја кариера' и 'Мои цели и идни чекори', 'Мое ЦВ', 'Мое придружно писмо', 'Професионално етикетирање во вмрежувањето и на интервју').

## Времетраење на советувањето

Во однос на привремената рамка, целосниот процес на советување треба да трае најмалку 5 часа за индивидуална сесија на советување и 10 часа за групна сесија на советување. Сепак, оваа информација се однесува на процес во кој проценката на компетенциите е најзначајна.

Кога, на пример, во процесот на советување се вклучени развој на компетенции и понатаму, советување во однос на професионални опции, потребното време се зголемува. Со оглед на тоа дека постојат многу опции како да се спроведе процесот, овде неможе точно да се одреди колку време е потребно.

Исто така, работата со *ProfilPASS – започни ја својата кариера!* е сеопфатна и може да биде предизвик во однос на интензитетот на рефлексијата која е потребна. Затоа, можеби е добар совет распоредот да се подели на сесии на советување. Дополнително, корисникот може самостојно да користи делови од *ProfilPASS – започни ја својата кариера!* како домашна работа.

# Библиографија/Референци


Arulampalam, W. (2001). Is Unemployment Really Scarring? Effects of Unemployment Experiences on Wages. *The Economic Journal (111)*, pp. 585-606.

CORE-EU-Project Consortium (2020). *Comprehensive Report on young adults neither in employment, education and training*. Project 'assessing COmpetences for Reintegration'.
https://core.profilpass-international.eu/files/comprehensive_report_core-project_final.pdf

European Training Foundation. (2014). *Young people not in employment, education or training in the EU neighbourhood countries.* Torino: European Training Foundation.

Поддршката на Европската комисија за изработката на оваа публикација не значи и поддржување на содржината и истата ги рефлектира само ставовите на авторите, така што Комисијата не сноси одговорност за користењето на информациите што таа ги содржи.

Овој проект е финансиран од Европската комисија преку Еразмус+ програмата (KA204- Стратегиски партнерства за образование за возрасни).

Код на проектот: 2019-1-DE02-KA204-006193

CORE- Прирачникот од CORE- Проектот е лиценциран под
CC BY-SA 4.0

CC BY SA

Изработено во октомври 2020

Графичка обработка и илустрации:
Борис Ристовски

Публикацијата е координирана од:
Андрагошки Завод Људска Универза Велење

ProfilPASS CORE